**20131643962**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МЕТРОЛОГИЈАТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за метрологијата,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 21 ноември 2013 година.

Бр. 07-4576/1
21 ноември 2013 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МЕТРОЛОГИЈАТА

Член 1

Во Законот за метрологијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/2002, 84/2007, 120/2009, 136/11 и 6/12), во членот 44-а став 1 по зборот „решението“ точката се брише и се додаваат зборовите: „до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.“

Член 2

Во членот 44-а ставот 2 се менува и гласи:

„По жалбата против решението на инспекторот, односно овластениот работник на Бирото за вршење на задачите и работите на инспекциски надзор, одлучува Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.“

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 мај 2014 година.